РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во ситуација кога лицето ја врши функцијата член на Надзорниот одбор на МИА Скопје, од друга страна исто така е именувано од страна на генералниот директор на АД "Пошта на Северна Македонија" за директор на Подружница ЦРПС Кочани.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(4) „Избрано или именувано лице **не може** истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал."

Имено, согласно цитираните одредби постои забрана за вршење на други дејности, по што Државната комисија укажува дека како службено лице кое ја врши функцијата член на Надзорниот одбор на МИА Скопје **не може** да извршува и функција директор на Подружница ЦРПС Кочани, по што потребно е да се откаже од извршување на една од двете наведени функции.

Воедно, Државната комисија известува дека доколку горенаведените функции ги извршува во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500

евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk